РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Бр. 04-686
16.10.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 77- е и член 77 – ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на РепубликаМакедонија“бр.62/05,106/08,161/08,114/09,130/09,16/10,50/10,52/10,124/10,47/11,11/12,39/12,13/13,25/13,до 120/18) ,член 13 став 2 точка 18 од Статутот на НУ „Македонски народен театар“ – Скопје – Пречистен текст бр. 02-547 од 05.04.2016 година и и Записник бр. 04 – 660/3 од 04.10.2019 година, од Комисијата за вработување, а во врска со Одлука за објавување јавен оглас 04- 584 од 05.09.2019 година и оглас бр. 3/2019 од 07.09.2019 година, на 16.10.2019 година, директорот донесе

**ОДЛУКА ЗА НЕИЗБОР НА КАНДИДАТ**

1. По јавниот оглас бр.03/2019 од 07.09.2019 година, и спроведена постапка за вработување , на неопределено време, на работно место шминкер не се избира пријавениот кандидат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице, на работно место шминкер, број 18-4864/2 од 19.06.2019 година . Врз основа на согласноста, донесена е Одлука за објавување на јавен оглас бр. 04- 584 од 05.09.2019 година, за вработување на едно (1) лице на работно место шминкер.. Врз основа на одлуката објавен е јавен оглас број 3/2019 од 07.09.2019 година во дневните весници „Лајме“, „Вечер“ и „Нова Македонија“. По огласот, во архивата на НУ „Македонски народен театар“ Скопје, беше доставена 1( една) пријава. Комисијата за вработување формирана со решение бр. 04-607 од 17.09.2019 година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и изврши интервју со кандидатот пријавен на огласот. По извршеното интервју, Комисијата за вработување, го задолжи пријавениот кандидат да достави доказ за работно искуство од една година, кое се бара согласно огласот. Комисијата за вработување, по доставениот доказ од кандидатот, потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, утврди дека кандидатот има вкупно стаж на осигурување од 9(девет) месеци, и овој стаж го остварил кај правни субјекти кои не се занимаваат со дејност за услуги на шминкање, односно смета дека немањето искуство за ова работно место, а особено од причина што кандидатот треба да шминка актери за изведба на театарски претстави, овој кандидат не ги исполнува условите кои се бараат по огласот. Од таа причина во записникот број 04-660/3 од 04.10.2019 година, во делот за предлаг до директорот, комисијата му предложила на директорот, да не се изврши избор на пријавениот кандидат. Согласно горенаведеното, и во врска со член 29 став 4 од Законот за работни односи, се донесе одлука како во диспозитивот.

***Правна поука***: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Управниот одбор на НУ „Македонски народен театар“ во рок од 8 дена од приемот на истата.

Доставено до: - архива
до :- кандидатот

**Директор**
**Симона Угриновска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
СКОПЈЕ